МЕД македонско еколошко друштво
# информатор
#1
декември 2006



Македонското еколошко друштво е најстаро еколошко друштво во Република Македонија и претставува сталешка организација што ги обединува еколозите од Македонија. Формирано е во 1972 година како членка на Друштвото на еколозите на Југославија со цел да ги обедини еколозите од Македонија за подобро и поефективно решавање на проблемите во екологијата и заштитата на животната средина.

Во МЕД членуваат околу 250 членови од различни области на екологијата и заштитата на животната средина како што се фундаменталната екологија (терестрична екологија и хидроекологија), агроекологија, пределна екологија, урбана екологија, биодиверзитет и негова заштита, загадување, мониторинг, мерки за заштита на животната средина, еколошка едукација итн.

Членовите на МЕД се научни и стручни кадри од полето на екологијата и заштитата на животната средина. Многу од нив се вработени на факултетите од универзитетите во Скопје и Битола. Останатите работат во различни институти во Македонија.

Во сите овие области, МЕД организирало голем број проекти, конгреси и научни трибини. Двапати годишно, од 1992 година, излегува научното списание "Екологија и заштита на животната средина" во кое свои трудови објавуваат главно македонски, но и странски еколози.



**Проект за зајакнување на мрежата на еколозите на Република Македонија преку јакнење на капацитетите на Македонското еколошко друштво**



**Проект за заштита на мршојадците во Македонија**



**Проекти за мониторинг и заштита на балканскиот рис**



**Балканскиот зелен појас како еколошки коридор за мечката, волкот и рисот**





## ПРОЕКТ ЗА ЗАЈКНУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ЕКОЛОЗИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕНА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

Во септември 2006 година, Македонското еколошко друштво (МЕД) започна со реализација на проектот "Зајакнување на мрежата на еколозите на Република Македонија преку јакнење на капацитетите на македонското еколошко друштво" проект финансиран од Британското еколошко друштво во рамките на програмата BUILDING CAPACITY FOR ECOLOGY FUND.

Времетраење на проектот е три години со почеток од 01.09.2006.

Главна цел на овој проект е промовирање на екологијата како наука во Македонија, преку јакнење на еколошката мрежа.
Јакнење на капацитетите на човечките ресурси, привлекување и зачленување нови членови во друштвото, зајакнување на соработката меѓу експертите еколози и надлежните органи во Македонија, поттикнувањето на екологијата како наука, како и обезбедувањето на техничка помош и поддршка за активностите и проектите на МЕД се само дел од зацртаните цели на овој проект.

### Планирани активности:

- ОРГАНИЗИРАЊЕ ТРЕНИНГ СЕМИНАРИ ЗА НВО
- ИЗДАВАЊЕ НА ИНФОРМАТОР (три изданија годишно)
- ОДРЖУВАЊЕ НА Web СТРАНАТА КАКО СРЕДСТВО ЗА РАМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ И ИЗДАВАЊЕ НА БИЛТЕНОТ И НАУЧНИТЕ ТРУДОВИ
- ОРГАНИЗИРАЊЕ ГОДИШНИ СОБРАНИЈА СО ПОКАНЕТИ ПРЕДАВАЧИ

Со средствата обезбедени преку овој проект се овозможи изнајмување и приспособување на работен простор-канцеларија во која во наредниот период ќе се одвиваат и реализираат активностите како на овој така и на останатите тековни проекти и актуелни активности на МЕД.

Новата адреса на МЕД е:
Бул. "Кузман Јосифовски-Питу", 28/3-7
1000 Скопје, Република Македонија
Тел. 02 2402 773
Тел./Факс. 02 2402 774, 02 2402 775

контакт: Светлана Арсовска,
менаџер на проектот
arsovska@mes.org.mk



## ПРОЕКТ ЗА ЗАШТИТА НА МРШОЈАДЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Во октомври 2002 година во Софија со прифаќањето на Акциониот план за закрепнување и заштита на мршојадците на Балканскиот Полуостров и соседните подрачја беа поставени приоритетните активности за заштита на мршојадците. Како резултат на развивањето на активностите во Македонија, во јуни 2003 година беше потпишан Меморандум за разбирање за заштита на четирите видови европски мршојадци. Овој меморандум е потпишан помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија и конзорциум составен од шест меѓународни и пет национални организации.



Во Македонија проектот стартуваше во 2003 година, со изработка на четири студии за мршојадците: студија за историското распространување на мршојадците во Македонија, студија за влијанието на ловството врз мршојадците (подготвени од Биоеко), студија за заканите за мршојадците во Македонија и студија за изворите на храна (подготвени од МЕД).

Истата година МЕД започна со имплементирање на дел од приоритетните акции предвидени со Акциониот план:

- Прихрана и мониторинг на последните парови мршојадци на Матка и поранешните колонии на мршојадци во централна и источна Македонија
- Истражување и мониторинг на статусот, гнездовиот успех и заканите на египетскиот мршојадец во Македонија;

Од 2006 година се имплементираат и следниве проекти:

- Развивање на балканска мрежа за координација на активностите за заштита на египетскиот мршојадец
- Зајакнување на националните капацитети за заштита на мршојадците во Македонија

Работната група за заштита на мршојадците при Македонското еколошко друштво во моментов брои над 15 членови. Приклучување и на други заинтересирани е неопходно заради успешно спроведување на предвидените активности.



BVAP
Balkan Vulture Action Plan

Проектите за заштита на мршојадците се финансирани од Франкфуртското зоолошко друштво (Германија) и Фондацијата за заштита на црниот мршојадец (Шпанија). Проектот за зајакнување на националните капацитети за заштита на мршојадците го финансираат Европската Комисија и Фондацијата за заштита на црниот мршојадец. Значаен удел преку кофинансирање или експертска поддршка на проектите имаат и фондацијата за заштита на брадестиот мршојадец, BirdLife International, Кралското друштво за заштита на птиците (Велика Британија) и Лигата за заштита на птиците (Франција), а Министерството за животна средина и просторно планирање ја обезбеди потребната правна поддршка на национално ниво.

Повеќе за Акциониот план за закрепнување и заштита на мршојадците на Балканскиот полуостров и соседните подрачја можете да најдете на www.balkanvultures.net

---

Во работата и релизацијата на проектите за заштита на мршојадците во Република Македонија, континуирано се вклучени следните членови на МЕД:

Методија Велевски - координатор на проектот
(velevski@mes.org.mk)
Славчо Стефановски - проект асистент
(stefanovski@mes.org.mk)
Јован Андевски - проект асистент
(andevski@mes.org.mk)

За сите дополнителни информации може да се обратите на vultures@mes.org.mk



**ПРОЕКТИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЗАШТИТА НА БАЛКАНИСКИОТ РИС**

МЕД работи на активности за заштита и закрепнување на автохтоната популација на балканскиот рис во Македонија. Овие активности произлегоа од заедничката иницијатива на германската невладина организација EURONATUR (Организација за заштита на природното наследство), швајцарската невладина организација KORA (Организација за заштита и проучување на крупните sверови во Швајцарија) и норвешката организација NINA (Norwegian Institute for Nature Research). Активностите за заштита и закрепнување на високо загрозената популација на рис во Македонија се спроведуваат во рамките на два проекти.

Првиот проект е насловен како **"Програма за закрепнување на Балканскиот рис"** е финансиран од швајцарската фондација MAVA и се реализира во соработка со две албански невладини организации.

**Со проектот се предвидени следните цели и активности:**

*Истражување и мониторинг* преку создавање мониторинг центар, основно истражување за дистрибуцијата на рисот во Македонија, едукација на кадар и изработка на дигитални карти.

*Стекнување/добивање основни научни податоци* во врска со дефинирање на таксономскиот статус, екологијата и биологијата на балканскиот рис, преку метод на следење траги во снег, методот на фото-замки, метод на фаќање на жива единка и сл.

*Формирање на стратегија за закрепнување на популацијата* преку изработка на програми за закрепнување и развивање Национална стратегија и акционен план во соработка со МЖСПП.

*Заштита на локалитети и закрепнување на ресурсите* преку воспоставување заштитени области и биокоридори, изготвување проекти за одржлив развој и управување со хабитати и ресурси и

*Создавање партнери во акцијата за заштита* со формирање национална мониторинг мрежа од луѓе со различни профили и подигање на јавната свест.



Вториот проект **"Јакнење на капацитети за активности во повеќеслојна демократија, со осврт на заштита на видови во пограничните области"** е финансиран од норвешката влада во времетраење од три години.
Главната цел на овој проект е да се испита ставот на луѓето кон крупните ѕверови преку анкетирање на локалното население во областите на нивната дистрибуција.

Дополнителна цел е да се одредат заканите и влијанието на човекот врз крупните ѕверови.
Набавено е теренско возило за потребите на двата проекта.

На покана на Швајцарската организација KORA, во јануари 2006 година во Швајцарија, членови на МЕД присуствуваа на двонеделен тренинг за мониторинг на рисот и неговиот плен, а во март 2006 година, во НП Маврово се одржа тренинг курс за следење и распознавање траги од диви животни. За време на овој тренинг беа пронајдени и следени траги од два риса.

Благодарение на Роберт Јаневски (претставник на полицијата, а воедно и член на МЕД), беше организиран еднодневен семинар на кој претставници од полициските станици од западната граница на Македонија имаа можност да се запознаат со општите услови на мониторинг системот.

Досега се анкетирани преку педесет населени места на Јабланица, Бистра, Дешат, Јакупица, Караџица, Кожуф, Кораб и други планини.
МЕД се надева дека во иднина ќе може да соработува со сите ловечки друштва кои функционираат на територијата на Р Македонија, како и со претставници од разни владини и невладини организации, волонтери и други заинтересирани групи за вклучување во зачувувањето и заштитата на оваа високо загрозена популација на балканскиот рис.



Во работата и релизацијата на проектите за мониторинг и заштита на балканскиот рис, континуирано се вклучени следните членови на МЕД:

Александар Стојанов проект асистент
(stojanov@mes.org.mk)
Димче Меловски проект асистент
(melovskid@mes.org.mk)
Ѓорѓе Иванов проект асистент
(Ivanov@mes.org.mk)

контакт:
lynx@mes.org.mk



**БАЛКАНСКИОТ ЗЕЛЕН ПОЈАС КАКО ЕКОЛОШКИ КОРИДОР ЗА МЕЧКАТА, ВОЛКОТ И РИСОТ (ЈАБЛАНИЦА-МАЛИ Е ШЕБЕНИКУТ)**

Проектот „Балканскиот зелен појас како еколошки коридор за мечката, волкот и рисот" беше реализиран од МЕД, германската невладина организација EURONATUR- European Nature Heritage Fund и друштвото за заштита на природата и животната средина на Албанија (PPNEA). Проектот траеше од јуни 2005 до октомври 2006 година. Целта на проектот беше да се изврши валоризација на природните вредности на планината Јабланица (планинската зона) со акцент на крупните ѕверови (мечка, волк, рис). Повеќе македонски експерти беа инволвирани во истражувањата на природните вредности на Јабланица, а за утврдување на статусот на крупните ѕверови беа спроведени посебни анкети. Слични активности беа спроведени во Албанија на албанскиот дел на планината Јабланица Мали е Шебеникут.

Сите активности беа насочени кон определување на можностите за формирање на трансгранично заштитено подрачје на Јабланица. Со тоа, проектот придонесе кон исполнување на стратешката определба на Република Македонија за формирање на национален парк на планината Јабланица, зацртана во *Стратегијата за биолошката разновидност на Република Македонија со акционен план*. Подготвен е предлог со прелиминарни граници и зонирање на националниот парк. Ваквиот предлог во 2007 година ќе им биде презентиран на двете општини во регионот на Јабланица (Вевчани и Струга), како и на сите заинтересирани организации и друштва со цел да се добие конечно решение за карактеристиките на планираниот национален парк.





**III Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество**

Претседателството на МЕД, на состанокот одржан во септември 2006 година, одлучи во септември/октомври 2007 година да се одржи III Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество. Конгресот ќе биде посветен на 80-годишнината од животот на проф. д-р Љупчо Групче.

Со цел да се подобри квалитетот и зголеми интересот и бројот на учесници на конгресот, ќе бидат поканети и одредени професори од Македонија и од други земји, кои ќе одржат пленарни предавања како и предавања за напредокот во областа од екологијата.

Во наредниот период ќе биде формиран организациониот одбор кој ќе го подготви и првото известување за конгресот.

**Секое ново издание од информаторот на МЕД ќе содржи ексклузивни текстови и информации за тековните и идни активности на друштвото од областа на екологијата, заштитата на животната средина и дивиот растителен и животински свет, како и информации за новите збиднувања во оваа област, планирани идни конгреси, семинари, работни средби и трибини.**

**Покрај новините на МЕД, во овој информатор ќе бидат објавувани и текстови за конкретни еколошки истражувања, легислатива од областа на животната средина, едукација, развој и воведување нови техники и технологии.**

**Во информаторот ќе бидат објавени писма, коментари и барања доставени на нашата адреса од членовите на МЕД.**

**Идните информации за новите изданија на информаторот, испраќајте ги на следната адреса на МЕД contact@mes.org.mk во зацртаните временски периоди:**

| ново издание | краен рок за доставување |
|---|---|
| 5-ти Април 2007 | 5-ти Февруари 2007 |
| 5-ти Август 2007 | 5-ти Јуни 2007 |
| 5-ти Декември 2007 | 5-ти Октомври 2007 |

За сите дополнителни информации и документи може да се обратите на адреса/е-маил на Друштвото, а подетални информации ќе најдете на веб-страната на МЕД:
www.mes.org.mk

Бул. "Кузман Јосифовски-Питу", 28/3-7
1000 Скопје, Република Македонија
Тел. 02 2402 773
Тел./Факс. 02 2402 774, 02 2402 775
mes@iunona.pmf.ukim.edu.mk
contact@mes.org.mk

## ПРИСТАПНИЦА

## македонско еколошко друштво МЕД

Јас, ______________________ со звање и титула ______________________

вработен во ______________________ пристапувам во Македонското еколошко друштво, при што ги прифаќам и одобрувам целите, задачите и активностите на Друштвото и се обврзувам да ја плаќам годишнта членарина од 500,00 денари (100 за невработени). Краток опис на професионалната ориентација и потесното подрачје на стручен и научен интерес:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Молам материјалите за активностите на Друштвото и печатените работи да ми бидат доставени на следната адреса:

домашна ☐ на работа ☐

Домашна адреса: ______________________, тел. ______________________

Адреса на работа: ______________________

тел. ____________, факс: ____________ е-маил ______________________

Датум: ____________ Своерачен потпис ______________________

Македонско еколошко друштво
жиро сметка:
300000000278717
Даночен број: 4030985348821
Комерцијална банка А.Д. Скопје

